Бр./Nr 12 - 1289/5

27 -04- 2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по пријавата со број 12-1289/1 од 24.02.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-1289 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1289/1 од 24.02.2022 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата се изнесени сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластување на службени лица во ///, во врска со ангажирање превозници за превоз на исечени дрва на ///, кои, како што наведува подносителот, превозот го обавувале без поседување соодветна лиценца за превоз. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК се обрати со барање за надлежно постапување и доставување податоци, информации и документација од Државен инспекторат за транспорт, кој во својот одговор до ДКСК наведе дека сите превозници на дрва во означениот субјект поседувале соодветна лиценца за превоз. Истото било констатирано и при вршењето вонреден инспекциски надзор над работата на субјектот, во делот на превозот на дрва.

Согласно горе наведеното, произлезе дека предметот нема елементи за натамошно постапување, заради што ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk